Е. Бадер

# НЕКОИ ИСКУСТВА ОД ПРИМЕНАТА НА ОДДЕЛНИ МЕТОДИ И ФОРМИ НА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

За тоа какво значење има наставата по историја во образованието и во воспитанието на учениците мислам дека не треба да се говори. Сите ние знаеме колку голема улога игра познавањето на развитокот на историските настани и појави во овозможувањето на учениците подобро да ја разберат и пресудат сегашноста. Меѓутоа, исто така ни е јасно дека не е сé интересно и привлечно во историјата и затоа зависи од нас, од нашата методска подготвеност и снаодливост, колку ќе успееме да развиваме кај учениците разбирање за развитокот на општеството од првобитната заедница до социјалистичкото општество, потоа љубов и одушевување за тешкото но борбено минато на сите наши народи.

И сега пред нас се поставува прашањето: како и со помош на кои форми и методи можеме тоа најуспешно да го постигнеме. Усменото излагање е најопробано и најстаро и во наставата по историја и тоа и натаму ќе остане како едно од најважните наставни методи. Со живо и убаво излагање ние сакаме да побудиме интерес кај учениците и да ги поттикнеме внимателно да ја следат наставата во текот на целиот час. А учениците, како и сите луѓе воопшто, најапро го усвојуваат материјалот, кој предизвикува силни впечатоци и доживувања. Меѓутоа, можеме ли ние тоа секогаш да го постигнеме? Ако сакаме искрено да одговориме — мораме да кажеме — не! Дури и кога наставниците успешно го излагаат материјалот, ако истото се слуша цели пет часа и само слуша, интерпретирањето опаѓа и станува здодевно. Може на ова да се забележи дека пет часа не слуша само историја, но сепак знаеме како изгледа, бидејќи сите сме минале низ такво исто училиште. Ученикот во таков случај е пасивен слушател. И затоа не треба да заборавиме дека едно од битните прашања на современата дидактичка практика е прашањето за улогата и местото на ученикот во воспитниот и образованиот процес. Што да сториме тогаш и како ученикот од пасивен слушач да го претвориме во активен фактор во наставниот процес? Мораме, значи, да пристапиме кон применување на т.н. активни методи во наставата по историја. Основното во активните методи се состои во тоа ученикот да не биде повеќе пасивен т.е. да не го прима пасивно наставниот материјал — туку и самиот, со сопствен труд и залагање, да доаѓа до извесни знаења. По таков начин добиеното знаење е многу потемелно и потрајно, отколку кога ученикот научил определена методска единица од излагањето на наставникот или од учебникот, да би го потврдил наученото на некои од наредните часови и набргу потоа да го заборави. Со активните методи и вончасовните форми на наставната работа, ученикот стекнува работни навики, ја развива интелектуалната љубопитност, стекнува способност да предочува и да донесува заклучоци со што може да се оживи наставата по историја, да се зголеми интересот кај учениците и по-

стигне подобро усвојување на историскиот материјал и остварување на воспитните задачи.

Активните методи во наставата по историја можат да бидат следните: реферати, работа на историски текст, со разговорен метод, работа во архиви, музеи, библиотеки, групната работа, екскурзии, работа со филмови и дија-филмови и др. Се разбира дека од овие форми и методи ќе примениме зависно од дадената методска единица, од претходното знаење на учениците и од нивната возраст. Но, треба да сме на јасно дека ни една метода не е совршена, ниту постои идеална таква.

Задржувајќи се на ова прашање сакам да истакнам дека самата сум применувала извесни форми на работа во наставата по историја во осумгодишното училиште и би изнела некои искуства до кои во текот на работата сум дојдена.

Методата на разговор е една од веројатно најчесто применуваните активни методи. Со оваа метода ученикот се поттикнува на размислување и донесување на извесни заклучоци, се разбира, под грижливото раководство на наставникот, да би се избегнало учениците да создаваат погрешни заклучоци. Оваа метода сум ја применувала при повторувањето и проверувањето на материјалот. Потоа, при споредувањето на слични настани од кои можат да се извлечат општи заклучоци. На пример, селанските востанија во средниот век: зошто се креваат, причините, начин на борбата, целите, причини за неуспесите и сл. Меѓутоа, методата на разговорот бара солидно совладување на материјалот од страна на учениците. Погрешно е да се започнува разговор за нешто што учениците слабо или малку го познаваат. Со тоа би ги довеле до положба да измислуваат или однапред да учат лекции, а тоа секако не би била наша цел.

Работата со реферати ја применував во VII и VIII одделение. Еден ученик добиваше определена тема за обработка, а друг работеше дополнителен кореферат на определената тема. На пример: првиот доби: За апсолутизмот на Милош Обреновиќ, според Вук Караџиќ како извор; а вториот: Ѓакова буна (кореферат). Другите ученици исто добија материјал за читање како би можеле да земат учество во дискусија по изнесените реферати на своите другари. Меѓутоа, се покажа дека овој начин на работа, иако интересен и корисен, не одговара на возраста на учениците од осумгодишните училишта. Учениците што добиваат задачи за својот реферат се трудеа што поуспешно да ги извршат — иако тоа, главно, беше: прераскажан текст со свои зборови — а другите ученици не беа толку заинтересирани да земат и прочитаат нешто од материјалот што им беше даден. Сепак, сметам дека овој начин на работа со реферати би можел да се применува со поголем успех и повеќе им одговара на учениците од средните училишта.

Во врска со употребата на филмови и дијафилмови би сакала да констатирам дека нивната употреба станала обична работа во наставата по историја. Но, од искуството што го имам може да се потврди дека на пр. дијафилмовите успешно се применуваат при утврдувањето

на веќе познатиот материјал. Со овој начин се постигнува учениците да бидат активни, оставајќи сами да ги објаснуваат сликите и да донесуваат заклучоци, поврзувајќи го со она што им е познато. Се разбира и тука наставникот мора да биде регулатор и да интервенира, ако е нужно, заклучоците да бидат правилни. Тогаш се постигнува учениците да бидат навистина активни, а не само посматрачи на слики. Учениците со големо задоволство ги прифаќаа дијафилмовите и разбраа дека тие се дел од наставата.

Групната работа е форма која што почесто се применува во наставата. Таква работа сум применувала само во VIII одделение. Обично општите теми сум ги распоредувала на одделни проблеми, кои им беа давани на одделни групи. Секоја група добиваше конкретна задача, со потребен материјал. Но, треба да се нагласи дека наидував на тешкотии, особено во изнаоѓање на литература, која би одговарала на возраста на учениците. Затоа сме упатени да даваме литература што не им одговара или да вадиме погодни текстови.

Подготовките и работата по групите се одвива во вонучилишните часови. Наставникот мора да ги обиколува групите и да ја контролира нивната работа. Рекапитулацијата за работата на сите групи се врши на часот, којшто трае подолго од обичниот час, зависно од интересот на учениците. Одделните заклучоци се пишуваат на таблата. Групите од порано се снабдени со слики, карти, графикони и др. При излагањето тие можат да се служат со своите белешки или како дополнување, да прочитаат определен текст од некоја книга. Со ваква работа активноста на учениците од една група е развиена до максимум до усвојувањето на материјалот. По овој начин ги поттикнуваме учениците сами да го изучуваат материјалот и да донесуваат заклучоци. Вака добиеното знаење е потрајно и подлабоко. Но, и овој начин на работа има слабости. Пред сѐ, учениците со помало внимание го слушаат излагањето и тоа во тоа сите не се ангажирани. Освен што во тоа се активизирани само оние што го изнесуваат излагањето, а другите во тоа не учествуваат активно. Но, сепак, овој начин на работење ги активира учениците, ги учи сами да размислуваат и да доаѓаат до определени заклучоци, се учат на колективна работа и сл. На овој начин се обработуваат само погодни теми, а не целата методска единица.

Што се однесува на работата со историските текстови, би сакала да кажам дека овој начин на работа се чини полесен од другите. На овој начин полесно би ги пренеле учениците во минатото. Тоа може да биде документ, историски роман, народна песна, мемоар, статија од весници и сл. Наставникот мора грижливо да одбере текст за дадената методска единица, да води сметка за напишаното, дали одговара на историската вистина. При ова секако е важна возраста на учениците. За ова треба да се избираат текстови од материјалот познат на учениците. И во овој случај учениците се делат по групи,

секоја група добива текст и тоа се изложува пред одделението. Во почетокот учениците беа склони само да го прераскажуваат текстот, но со време се учеа да извлечат заклучоци, кои се запишуваат на таблата, а потоа сите ученици истите ги внесуваат во своите тетратки. Но, и тука се јавува слабост во тоа што групно се изложува и не се усвојува доволно материјата, а додека учениците сите се активирани.

На крајот, би сакала уште еднаш да подвлечам дека никаква форма или метода не треба да форсираме. Треба да настојуваме секогаш да се применува онаа форма и метода со која ќе обезбедиме најдобар воспитен и образователен успех.

М. Тодоровска

# СОЗДАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

## — Методска единица —

Образовна цел: Учениците да се запознаат со борбата на македонскиот народ за национално ослободување која кон крајот на XIX век од стихијна и неповрзана прераснува во организирана и масовна. Истовремено, да се запознаат и со тоа дека во борбата учествуваа сите слоеви од народот, но водач на оваа револуционерна борба станува нашата млада интелигенција која веќе била задоена со револуционерни идеи. Еден од најистакнатите водачи на Организацијата станува Гоце Делчев. Тој најмногу допринел за ширењето мрежата на Организацијата, нејзиното вооружување и бојната готовност. Истовремено, учесниците да се запознаат и со ширењето на првите социјалистички идеи од страна на Васил Главинов во Велес и други места во Македонија.

Воспитна цел: Да се создаде чувство кај учениците за почит кон нашите револуционери и кон нивната несебична борба за национално ослободување на својот народ. Да се воспитуваат во тој дух како би се развило и кај нив патриотското чувство за чување на веќе стекнатата слобода, за да не дозволат било кој да ја загрози нашата слобода. Истовремено, да се предизвика омраза кон оние буржоазии кои сакале Македонија да ја заграбат и потчинат. Посебно да се развие љубов кон најреволуционерниот елемент — македонските социјалисти кои се истакнуваат како непомирливи борци за самостоен развиток на националноослободителното движење на македонскиот народ и ослободување на угнетената работничка класа.

Методи: Развојна, демонстративна и текст метода.

Нагледни средства: Дијафилмот: Создавање на ВМРО, слики од албумот: Возрожденци и револуцеонери и од историјата за VII одделение од Ристо Динев, Ѓорѓи Димовски, Јован Кочанковска и Ѓорѓи Танковски.

Литература: Историја за VII одделение, Историска читанка за VII одделение; „Патот кон слободата“ од Чубелиќ, „Илинденски зборник и др.“